UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA
47

2018

vol. 47
Issue 2

BALCANOSLAVICA VOLUME 47, ISSUE 2, pag. 1-385, PRILEP, 2018

КРАЛСТВОТО НА МАРКО: ДОМЕТ И КАРАКТЕР

Бобан ПЕТРОВСКИ
Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Филозофски факултет-Институт за Историја
boban@fzf.ukim.edu.mk

изворен научен труд
прифатен: 11.07.2019
УДК 929Крали Марко

Апстракт: *Нашата интенција е да понудиме видување за два круцијални, меѓусебно поврзани, научни проблеми кои задираат во есенцијата на владеењето на кралот Марко.*
Територијата на кралството на Марко имала тенденција на постојано намалување кое било резултат на непријателските активности, како на Марковите соседи така и на неговите вазали. Преку анализа на изворниот материјал го утврдуваме реалниот територијален опсег на Марковото кралство, но, исто така се осврнуваме и на внатрешното политичко уредување на неговата држава. Акцент ставаме и на менувањето на перцепцијата за кралот Марко кај неговите соседи каде неминовно се провлекува временската детерминанта 1375, односно 1377 година. Кон тоа ја соочуваме Марковата самоперцепција, видлива од самото негово доаѓање на власт па сè до крајот на неговиот живот, присутна во разнородниот современ изворен материјал.

Клучни зборови: *крал Марко, "млад крал", Прилеп, Димитрија Волкашин, Јован Углеша.*

Кралството на Марко, неговата личност и престолнина биле предмет на повеќе научни истражувања. Тие биле разгледувани од различни аспекти, како во македонската така и во соседните историографии, а многу често побудувале интерес и во поширокатa историска јавност. Сепак, сè уште остануваат отворени прашања кои бараат препогледнување на постоечките извори, во контекст на политичката ситуација во регионот за третираниот период.

При утврдувањето на дометот на Марковата држава и нејзиниот карактер е неминовен осврт на круната на Марко, Марковата интитулација, неговата позиција во семејството, престолнината и нивното значење. Анализата и компарирањето на директните, но и посредни изворни вести за посоченово, се чини, овозможуваат реално предочување на дометот и карактерот на Марковото кралство.

Последиците од поразот на Марица (26.09.1371г.)мошне негативно се одразиле токму врз легитимниот наследник на загинатите Волкашин и Углеша[1] - дотогашниот "млад крал" Марко (**младаго крала Марка**). Набргу по битката, прес-

1 За свои наследници Јован Углеша ги смета најпрво братот, а потоа внукот (бездруго мислејќи на младиот крал Марко) кое е засведочено во повелбата издадена на манастирот Лавра, во април 1371 година, сп. *Actes de Lavra IV. Etudes historiques, actes serbes*: complements et index par P.Lemerle, A.Guillou, N.Svoronos, D.Papachryssanthou, S.Ćirković, (Paris: Peeters, 1982), No. 3, 180.

толонаследникот Марко се закитил со татковата кралска круна прогласувајќи се за крал[2], со што сите вазали на неговиот татко и чичко станувале негови вазали. Кралот Марко, во периодот после 26 септември 1371 година, воедно, станал совладетел на српскиот цар Стефан Урош V заменувајќи го својот починат татко на таа позиција. Ова совладетелство формално-правно траело до 2/4 декември, истата година кога починал царот[3]. По смртта на последниот претставник на Немањиќката династија Стефан Урош V, кој немал потомство (**оста лоза бесплодна; оста безь памети лоза та; И Оурошь не имеѥ деты**)[4], кралот Марко станал законски наследник на српскиот владетелски трон.

Меѓутоа, иако согласноста на царот Урош за воспоставеното совладетелство (јавна или премолчена) обезбедувала легитимитет на новата владетелска лоза (во историографијата некаде веќе наведувана како Волкашинова династија[5]), тоа не значело и нивно прифаќање од страна на останатите благородници во државата[6]. Мошне набргу по Урошевата смрт, бројните феудални семејства од територијата на дотогашното српско царство започнале меѓусебни борби за превласт. Во такви услови никој од видните големци во т.н. стари српски земји, како ни Марковите непосредни соседи, ниту неговите вазали, па дури и некои од неговите потчинети благородници немале намера да го признаваат за подолго време кралот Марко како нивни сизерен и врховен господар во државата[7]. Така, во поволен момент секој од нив поединечно, но и во сојуз со други, презел воени активности да го осуети тоа, и мошне дрско на терен да покаже дека му го оспорува врховенството. Со тоа, всушност, се создала владетелска криза при што круната на кралот Марко како единствен легитимен наследник била доведена во прашање.

Притиснат истовремено од повеќе страни, кралот Марко не бил во можност да пружи ефикасен отпор и да ги задржи териториите кои му биле оставени во владение. Освен византиското навлегување во областите на неговиот загинат чичко деспотот Јован Углеша од страна на солунскиот деспот Мануил[8] (кој успеал да ги заземе небранетите југоисточни делови на Македонија, вклучително со градот Сер, во ноември 1371годи-

2 Кралската круна била на главата на Марко во период по 10 јуни 1370 до 17 мај 1395 година - најпрво како круна на "млад крал", а потоа по Маричката битка како круна на крал (сп. Коста Аџиевски, *Пелагонија во средниот век: од доаѓањето на Словените до паѓањето под турска власт*, (Скопје: ИНИ, 1994), 243), визуелно видлива in situ на неговите фреско престави на влезот на црквата Св. Архангели во Варош, близу Прилеп, како и на влезот и во внатрешноста на црквата Св. Димитрија во с. Сушица, Скопско (Марков манастир).

3 Раде Михаљчић, "Титуле Краљевића Марка", во: *Кралот Марко во историјата и традицијата*, ур. В. Десподова. Прилози од научниот собир одржан по повод 600 годишнината од смртта на Кралот Марко, Прилеп 1995, 23-25 јуни, (Прилеп: Институт за старословенска култура, 1997), 40.

4 Љубомир Стојановић, *Стари српски родослови и летописи* (Београд – Ср.Карловци: СКА, 1927), 40 (Пајсиевиот текст, додаток), 44 (Константиновиот текст), 53 (Руварчевиот родослов).

5 Мирослав Јовановић, *Српски средњовековни новац* (Београд: Алетеа, 2012), 99-117; Милан Бошкоски, *Скопје и скопската област од VI до крајот на XIV век* (Скопје: Македонска Реч, 2009), 251, 256, 263.

6 Марко Шуица, *Вук Бранковић славни и велможни господин* (Београд: Еволута, 2014), 35.

7 Марко одредено кратко време бил сметан за легитимен наследник. Во науката ова мислење е широко прифатено, сп.: Hristo Matanov and Ralica Zaimova, "West and Post-Byzantine Source Evidence about Krali Marko (King Marko)", *Etudes Balkaniques* XXI/2 (1985), 46-47; Аџиевски, *Пелагонија*, 247-48; Михаљчић, "Титуле Краљевића Марка", 40; Марко Шуица, *Немирно доба српског средњег века: властела српских обласних господара* (Београд: Службени лист СРЈ, 2000), 22; Александар Атанасовски, *Македонија во XIV век* (Тетово: Напредок, 2009), 198.

8 Деспотот Мануил бил помлад син на византискиот император Јован V Палеолог, сп. John Barker, *Manuel II Palaeologus (1391-1425): A Study in Late Byzantine Statesmanship* (New Brunswick-New Jersey: Rutgers Univ., Press, 1969), 114.

на[9], потоа Халкидик и р. Струмица[10], а на југозапад го зазел уште и градот Бер[11]), Марко не успеал да ги задржи нити владенијата оставени непосредно од неговиот татко кои постепено му биле одземани од страна на неговите соседи и правни роднини: најпрво Ѓурѓе Балша/иќ, Марковиот зет за сестра, го зазел Призрен следната 1372 година, а истовремено, жупанот Никола Алтомановиќ ги освоил северозападните земји до Призрен. Кнезот Лазар Хребељановиќ го зазел Ново Брдо. Вук Бранковиќ влегол во Приштина, набргу потоа им го презел Призрен на Балшиќите[12], а неколку години подоцна, потпомогнат од својот тест[13], кнезот Лазар Хребељановиќ, навлегол во Македонија и го зазел престолниот град Скопје (најдоцна до 1376/77г.)[14], и во втората половина на 70-тите години, под налетот на албанските Музаки, кралот Марко го загубил и значајниот град на југот, Костур[15].Паралелно со надворешните напади, бројни некогашни Волкашинови вазали и потчинети благородници му ја откажувале лојалноста на кралот Марко: Гргур, управникот на Полог од времето на Волкашин, наговорен од својот помлад брат Вук Бранковиќ, веројатно, веќе во 1372 година ја отфрлил потчинетоста и

9 Всушност, дотогашното седиште на загинатиот деспот Јован Углеша, сп.: Franz Tinnefeld, "Vier Prooimien zu Kaiserurkunden, verfasst von Demetrios Kydones: Edition, Textparaphrase und Kommentar", *Byzantinoslavica* 44 (1983), 182-83; Judith J Ryder, *The Career and Writings of Demetrius Kydones. A Study of Fourteenth-Century Byzantine Politics, religion and Society. The Medieval Mediterranean. Peoples, Economies and Cutures, 400-1500*, Managing Editor H.Kennedy, Volume 85 (Leiden-Boston: Brill, 2010), 47; Barker, *Manuel II*, 14; Георги Острогорски, *Историја на Византија*, (Београд, Просвета, 1976. repr. trans. Скопје: Наша Книга, 1992), 563; Donald Nicol, *The last centuries of Byzantium (1261-1453)* (Rupert Hart-Davis 1972, repr. Cambridge: Cambridge Univ. Press, 1999), 276; Божидар Ферјанчиќ, *Византијски и српски Сер у XIV столећу*, САНУ посебна издања - Одељење историјских наука, Књ. 21 (Београд: САНУ, 1994), 113-14.

10 Вести за тоа има во еден акт на Серската митрополија од 1375 година каде се говори за радоста на Ромеите заради враќање на нивната власт во тие краеви, сп. *Actes de Kutlumus: Archives de l'Athos II*, ed. P.Lemerle (Paris: Peeters, 1988), No. 33, 125-30. Види и Раде Радиќ, *Време Јована V Палеолога (1332-1391)*, САНУ посебна издања, (Београд: САНУ, 1993), 359, 363, 381[=Раде Радиќ, *Јован V Палеолог византијски цар (1341-1391)* (Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, 2008)].

11 Најдоцна до јуни 1375 година градот бил преземен од дотогашниот тамошен независен управител Радослав Хлапен, сп. Hristo Matanov "Radoslav Hlapen – souverain féodal en Macédoine méridionale durant le troisième quart du XIV-e siécle", *Étude Balkaniques* 19/4 (1983), 83, 86.

12 Мавро Орбин, *Краљевство Словена*: *Превео са италијанског З. Шундрица, коментаре дао Сима* Ћирковиќ (Београд: СКЗ, 1968) (=Мавро Орбин, *Краљевство Словена : допуњено друго издање* (Зрењанин: Sezam book doo, 2006), 54 (и стр. 314 – коментар на С. Ћирковиќ). Види и *Историја српског народа, Књига друга: Доба борби за очување и обновудржаве (1371-1537)*, ур. Ј.Калиќ (Београд: СКЗ, 1982), 24-25, 28 (Михаљчиќ, Р.); Милош Благојевиќ, "Савладарство у српским земљама после смрти цара Уроша", *Зборник радова византолошког института* 21 (1982), 76-78 [=Милош Благојевиќ, *Немањићи и Лазаревићи и српска средњовековна државност*, (Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, 2004), 284-85]; Шуица, *Вук Бранковиќ*, 70.

13 Momčilo Spremić, "La famille Serbe des Branković – concidération genéalogiques et héraldiques", *Зборник радова византолошког института* 41 (2004), 442-43. Види и: Душан Спасиќ, Александар Палавестра и Душан Мрђеновиќ, *Родословне таблице и грбови српских династија и властеле* (Београд: Бата, 1991), 122 бр. 17 I, 125; Андрија Веселиновиќ и Радош Љушиќ, *Родослови српских династија*, (Нови Сад: Платонеум, 2002), 29 (Бранковиќи).

14 Вук Бранковиќ во наведенава година 1376/77 (6885 = 01 септември 1376 – 31 август 1377) го подарил скопскиот манастир Св. Георги-Горг на Хилендар, сп.: Владимир Мошин, Лидија Славева и Красимира Илиевска, "Грамота на Вук Бранковиќ", во: *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, Том I (Скопје: Архив на Македонија, 1975), 239-41; Станоје Бојанин, "Повеља Вука Бранковиќа о даровању скопског манастира Светог Георгија манастиру Хиландару", *Стари српски архив* 8 (2009), 121-22. Види и Шуица, *Вук Бранковиќ*, 70.

15 Carl Hopf, *Chroniques gréco-romane sinédites ou peu connues: publiées avec notes et tables généalogiques* (Berlin: Librairie de Weidman, 1873), 281-82. Види и Аџиевски, *Пелагонија*, 254-56 и бел. 147 и 148. За различните мислења сп.: Гојко Суботиќ, "Манастир Богородице Месонисиотисе", *Зборник радова византолошког института* 26 (1986), 160-62 – раните 1370ти; Христо Матанов, *Југозападните Българските земи през XIVвек* (София: Издаделство Наука и Изкуство, 1986), 112 – првата половина на 1370; Ευγενία Δρακοπούλου, *Η πόλητης Καστοριάς τη Βυζαντινή και μεταβυζαντινή εποχή (12ος-16ος αι.): Ιστορία – Τέχνη – Επιγραφές* (Αθηνα: The Christian Archeological Society, 1997), 64-65 – мошне широка датација, 1371-1383/84; *Historia e Populit Shqiptar*, Vëllimi I parë, ed. K.Prifti (Tiranë: Toena, 2002), 294-95, 302 (S. Islami) – во 1372 година.

го отцепил Полог од Марковата држава[16]; речиси истовремено, можеби уште истата 1372 година, дотогашните Маркови вазали источно од р. Вардар, браќата деспот Јован Драгаш и господин Константин[17], се отцепиле заедно со териториите под нивна власт во источна Македонија[18]; во втората половина на 70-тите години великиот жупан Андреја Гропа кој бил роднински поврзан со Марко, но и со албанските Музаки, се осамостоил во стратешкиот град Охрид, контролирајќи ја тамошната ковница за пари[19], но, веројатно го задржал само до 1380 година кога му бил одземен од Карло Топија[20].

Со тоа, владенијата на кралот Марко за неполна деценија значително се намалиле. Реалниот домет на Марковото кралство до крајот на 70-тите години бил само на одредени територии кои се простираат во западните делови на Македонија со постојана резиденција во градот Прилеп. Имено, границата на Марковата држава на исток одела помеѓу Дреновската клисура и областа Раец (по текот на Раечка река); на север ги вклучувала јужните делови на Скопската Котлина со денешната Маркова река и кањонот Матка; на запад ги опфаќала Поречје, Кичевската област до Дебар, како и денешен Демир Хисар; на југ веројатно ја вклучувала Преспа[21].

Постојат сериозни индиции дека на вака стеснетата територија Марко, сепак, не бил единствен владетел. Имено, задлабочената анализа на изворите упатува дека веројатно Марко ја делел власта со својата мајка Елена и помладите браќа Андреаш, Иваниш и Д(и)митар[22] (Митраш)[23] по сис-

16 *Стари српски записи и натписи, Књ. IV: Сакупио их и средио Љ.Стојановић* (Сремски Карловци: СКА 1923. Фототипска издања, Књ. 10, Београд: САНУ 1986), No. 6054,14; Јордан Иванов, *Български старини изъ Македония* (София: Дръжавна печатница 1931), 90. За управувањето на Гргур во Полог види кај: Момчило Спремић, "Бранковићи – обласни господари Косова", во: *Свети кнез Лазар – Споменица о шестстогодишњици Косовског боја 1389-1989* (Београд: Свети Архиерејски Синод СПЦ, 1989), 122 [=Момчило Спремић, *Прекинут успон српске земље у позном средњем веку* (Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, 2005), 128]; Бобан Петровски, "Voisava Tribalda", во: *Ѓерѓ Кастриоти Скендербег (1405-1468),* ур. Т. Чепреганов. Материјали од научниот собир по повод 600 години од неговото раѓање, одржан во Скопје на 25 и 26 ноември 2005 (Скопје: ИНИ, 2006), 70, 74-75.

17 Во историографијата некои сметаат дека куќата на Драгашите (наименувањето Дејановиќи, кое понекогаш се користи во историографијата, нема изворна поткрепа, сп. Жарко Вујошевиќ, "Повеља господина Константина Драгаша Хиландару", *Стари српски архив* 9 (2010), 128 и бел. 62) е наследник на Немањиќката династија заради нивното најблиско сродство по мајката Евдокија, за која сметаат дека е идентична со Теодора, сестрата на Стефан Душан, сп.: Раде Михаљчиќ, *Крај Српског царства* (Београд: СКЗ. 1975), 179; Мирјана Живојиновиќ, "Драгаши и Света Гора", *Зборник радова византолошког института* 43 (2006), 41. За различниот став по ова прашање, сп. Христо Матанов, *Княжеството на Драгаши: Към историята на североизточна Македония в предосманската епоха* (София: Гал-Ико, 1997), 16-31.

18 За мошне кратко време тие ќе успеат за најмалку двојно да ја зголемат нивната баштина во областите Жеглигово и Прешево,а која нивниот татко деспотот Дејан им ја оставил, сп.: Михаљчиќ, *Крај*, 68-73, 174, 185; Матанов, *Княжеството*, 67-80; *Историја на македонскиот народ, Том Први: Македонија од праисториското време до потпаѓањето под турска власт(1371 година)*, ур. Б. Панов (Скопје: ИНИ, 2000), 544 (Панов, Б.).

19 Toni Filiposki, "Der Ohrider Župan Adrea Gropa", *Südost-Forschungen* 69/70 (2010/11), 8-12; Шуица, *Немирно доба*, 35-36. За ктиторскиот натпис датиран 1378 година од охридската црква Мал Св. Климент, види кај Иванов, *Старини*, 42. Андреа Гропа исто така ковел свои монети од кои до денес се зачувани 26 примероци, сп.: Аџиевски, *Пелагонија*, 254 и бел. 146; Даница Размоска-Бачевска, *Нумизматичките наоди од југозападниот дел на Република Македонија од V век п.н.е. до XIV век* (Охрид: Завод и музеј, 2002), 344; Вујадин Иванишевиќ, *Новчарство средњовековне Србије* (Београд: Студови културе, 2001), 160, 270.

20 Цветан Грозданов, *Охридското сидно сликарство од XIV век* (Охрид: Завод и музеј, 1980), 20-21; Истиот, "Охрид и Охридската архиепископија во XIVвек", *Историја* XVI/1 (1980), 181.

21 Аџиевски, *Пелагонија*, 258-60.

22 Мавро Орбин, *Краљевство Словена*, 54-55. Види и: Нада Ношпал-Никуљска, "Марковиот манастир – монумент како документ низ историјата", во: *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, Том I (Скопје: Архив на Македонија, 1975), 405; Jadranka Prolović, *Die Kirche desHeiligen Andreas an der Treska: Geschichte, Architectur und Malerei einer palaiologenzeitlichen Stiftung des serbischen Prinzen Andreaš* (Wien: OAW, 1997), 38.

23 За варијациите на името види кај: Александра Фостиков, "О Дмитру Краљевићу", *Историјски часопис* 49 (2002), 49 и бел. 18.

темот на поделено семејно владеење[24]. Постојат и мислења според кои Андреаш мошне рано се осамостоил на територииte по средниот и долниот тек на р. Треска (или пак, дека на таа територија владеел заедно со другите двајца браќа и со нивната мајка[25]), а притоа имајќи ги предвид изворните вести за негово самостојно ковење монети (исто како Марко[26] и нивната мајка Елена[27]) на кои има натпис "благоверен Андреаш" (**благовѣрни Андреашь**)[28], како и фактот што Андреаш бил ктитор на манастирот Св. Андреја во кањонот Матка на р. Треска (изграден и фрескоживописан во 6897 година = 1388/89г.) каде на даровната повелба испишана на ѕидот на манастирот Андреаш е споменат како "раб божји втор син на благоверниот крал Волкашин и кралицата Елена – Елисавета" (**раба бжїа Андрѣша сина фтораго благовѣрнаго кралѣ Влькашина и кралице Єлєни .а. Єлисавете**)[29], без да се наведе кралот Марко[30].

Во тој контекст е разгледуван и новопрочитаниот текст во олтарната апсида над ѓаконикот на црквата Св. Андреја на Матка според кој Андреаш е именуван како "краљевиќ"(**подвигомь раба божїа кралєвикѣ Андрєаша**)[31]. Но, се чини, во случајов поверојатно е да се смета дека дословното значење на лексемата "**кралевикѣ**"= "млад крал" треба да се поими како престолонаследник, во случајов на кралот Марко, со оглед на тогашната реалност дека кралот Марко веќе бил во поодминатата возраст и без пород, додека неговиот помлад брат Андреаш имал синови преку кои можела да се продолжи лозата. Оттука и потенцирањето во повелбата дека Андреаш е *втор син*, кое според принципот на примогенитура значело дека по Марко тој е следниот во низата за наследност[32],

24 Михаљчић, "Титуле", 41; Фостиков, "Дмитр Краљевић", 50-51.

25 Матанов, *Југозападните земи*, 114. Сп. и: John Fine, *The late medieval Balkans: A Critical Survey from the late Twelfth Century to the Ottoman Conquest* (Michigan: Univ. Press, 1996), 382; Бошкоски, *Скопје*, 253, 264, 265-66; Атанасовски, *Македонија*, 205.

26 Бошкоски, *Скопје*, 259; Маја Хаџи Манева, *Македонија, Паритe и историјата: Каталог на постојната музејска поставка на НБРМ* (Скопје: НБРМ, 2008), 33 бр. 965.

27 Сергеј Димитријевић, "Нова серија нових врста српског средњовековног новца III", *Старинар* 18 (1968), 193, 197; Иванишевић, *Новчарство*, 146-47, 266.

28 Сергеј Димитријевић, "Новац кнеза Лазара у односу на новац других обласних господара", во: *О кнезу Лазару*, ур. И.Божић и В.Ј.Ђурић, Научни скуп у Крушевцу 1971 (Београд: Научна књига, 1975), 193, 195, 204-05; Иванишевић, *Новчарство*, 158, 267.

29 Иван Јастребов, "Из мог путовања по старој Србији - наставак бележака", *Гласник српског ученог друштва* 57, (Београд: СКА, 1884), 50-51; *Записи и натписи* IV, No. 6079, 17; Иванов, *Старини*, 129. Види и: Prolović, *Kirche*, 29-31; Ношпал-Никуљска, "Марковиот манастир", 390; Sophia Kalopissi-Verti, "Painters in Late Byzantine Society: The Evidence of Church Inscriptions", *Cahiers Arheologiques* 42 (1994), 148; Виктор Лилчиќ, *Матка низ вековите* (Скопје: Македонска цивилизација, 1995), 79-81.

30 Споменувањето на кралот Марко во Поменикот на манастирот Св.Никола во с.Шишево (сосема близу до Матка) како прв меѓу донаторите (Иванов, *Старини*, 127), не може безрезервно да се земе како доказ за негова власт во овие предели со оглед што тој настанал дури во XIX век (1816 година). Исто така, и размената на села помеѓу Андреашевиот и Марковиот манастир, засведочена во повелбата на ѕидот на св.Андреја (Славица Николовска, "Кодикот на манастирот Матка", во: *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, Том I (Скопје: Архив на Македонија, 1975), 435-36), не може со сигурност да потврди дали се работи за територијално разграничување помеѓу браќата Марко и Андреаш (Бошкоски, *Скопје*, 267) или, пак, едноставно станува збор за размена на феудални добра помеѓу двете цркви, кое нешто за волја на вистината воопшто не е ретко во третираниов временски период (подетално за размена на недвижен имот, сп. Раде Михаљчић, "Замена поседа у Средњовековној Србији", во: *Споменица академика Симе Ћирковића*, ур. С.Рудић (Београд: Историјски институт, 2011), 64-68).

31 Нада Ношпал-Никуљска, "Прилог за Манастирот Св. Андреја на река Треска – на брегот на езерото Матка", во: *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, Том I (Скопје: Архив на Македонија, 1975), 393, 394; Prolović, *Kirche*, 32, 38-39 и Илустрација 2 (меѓу стр. 32 и 33).

32 Видно од Волкашиновата повелба за потврда на трговските привилегии на Дубровчаните од 1370 година, каде покрај кралицата, ги споменува само синовите Марко и Андреаш (...**и съ прѣвьзлюблѥнними с(ы) нови крал(ѥ)ства ми Маркомь и Аньдрѣшемь**, сп. Сима Ћирковић, "Повеља краља Вукашина Дубровнику којом потврђује повеље ранијих српских владара", *Стари српски архив* 4 (2005),162 (163-64), иако е веројатно дека во случајов тоа е заради малолетноста на останатите двајца нивни браќа (Ћирковић, исто, 170).

при што потоа круната легитимно би преминала кај неговите синови и со тоа би се гарантирало продолжување на династијата, иако тоа во практика не се случило[33].

Територијата со која владеел кралот Марко се простирала само на дел од териториите западно од р. Вардар со седиште во Прилеп и веројатно била помала од териториите на некои негови соседи, но, сепак, Марко и понатаму останал единствениот благородник на територијата на некогашното српско царство кој имал титула крал и носел кралска круна. Но, соседите на Марко, како тие во Македонија така и оние во српските и албанските предели, воопшто не помислувале да се однесуваат кон него како кон врховен господар, а оние во т.н. стари српски земји уште помалку да го вбројат како наследник на владетелскиот трон на Немањиќката династија[34] заради што некои од највидните благородници започнале меѓусебен натпревар за преземање на традициите на Немањиќите[35]. Неповикувањето на кралот Марко на Пеќскиот црковен собор (1375г.)[36] кој бил свикан на иницијатива на кнезот Лазар со несомнена поддршка од Ѓурѓе Балша/иќ е несомнена потврда за тоа. Добиената поддршка од српската црква на кнезот Лазар по одражниот собор, јавно се рефлектирала со негово третирање како *самодржавен владетел на сите Срби*, а како таков се перцепирал и тој самиот во своите повелби (**самодрьжавни господинь**)[37]. Тој го презел и титуларното име на Немањиќите, Стефан, кое го додал кон своето лично име и титула (**Стєфань кнєзь Лазарь**)[38] со што јасно предочил дека тој, а не некој друг треба да биде сметан за продолжувач на Немањиќките традиции, симболично претставени преку адоптирањето на владетелското име[39]. Кратко време потоа, откако во

33 Натамошниот развој на настаните открива дека браќата не се согласувале со Марко, па заминале од Македонија: најпрво Иваниш заминал во Зета, а во 1385 година загинал заедно со Балша II во битката на Савра (сп. Мавро Орбин, *Краљевство Словена*, 54, 71), додека Андреаш и Д(и)митар во јули 1394 година отишле во Дубровник за да ги подигнат своите делови од Волкашиновиот сребрен депозит, од каде што заминале во Унгарија и стапиле во служба на Сигизмунд (сп.: Сима Ћирковић, "Поклад краља Вукашина", *Зборник Филозофског факултета* 14-1 (1979), 153-55, 159-61; Фостиков, "Дмитр Краљевиќ", 52-53).

34 Последниот близок потомок од Немањиќката лоза, цар Урош – синот и наследник на цар Симеон (полубратот на Душан), се замонашил како монах Јоасав во Тесалија околу 1373 година, сп. *ИСН II*,17 (Богдановиќ, Д.).

35 Дури и во најновите истражувања во Србија на проблематиката од овој период се потенцира дека „епитетот за наследник на Немањиќите и продолжувач на српската државност пред 1395 година го имал исклучиво најјакиот меѓу областните господари, а тоа биле, можеби Никола Алтомановиќ, а секако кралот Тврtко I, кнезот Лазар, многу кратко време Вук Бранковиќ и на крај кнезот Стефан", сп. Владимир Алексиќ, *Наследници Мрњавчевића и територије под њиховом влашћу од 1371. до 1395. Године* (Докторска дисертација во ракопис одбранета на Филозофскиот факултет во Београдво 2012 година), 384. Слично и М. Шуица (Марко Шуица, "Моравска Србија између два српска краља на крају XIV века", во: *Српска краљевства у средњем веку*, ур. С.Мишиќ. Зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 15. до 17. септембра 2017. године у Краљеву, у част обележавања 800 година од крунисања Стефана Немањића (Првовенчаног), (Краљево: Универзитет у Београду, у Новом Саду, у Нишу, 2017), 350-51) кој посочува опција за прифаќање на повеќе аспекти при утврдување на легитимноста на наследникот на Немањиќите по смртта на Урош V.

36 Димитрије Богдановиќ, "Измирење српске и византијске цркве", во: *О кнезу Лазару*, ур. И.Божиќ и В.Ј.Ђуриќ. Научни скуп у Крушевцу 1971 (Београд: Научна књига, 1975), 81-91; Фрањо Баришиќ, "О измирењу српске и византијске цркве 1375", *Зборник радова византолошког института* 21 (1982), 159-82; Марија Јанковиќ, *Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку*, (Београд: Народна књига, 1985),82; Ryder, Career and Writings of Demetrius Kydones, 245.

37 Сп. 'самодржац' во *Лексикон српског средњег века*, приредили С. Ћирковиќ и Р. Михаљчиќ, (Београд: Knowledge, 1999), 643 (Ферјанчиќ, Б.).

38 Владимир Мошин, "Самодржавни Стефан кнез Лазар и традиција немањичког суверенитета од Марице до Косова", во: *О кнезу Лазару*, ур. И. Божиќ и В. Ј. Ђуриќ. Научни скуп у Крушевцу 1971 (Београд: Научна књига, 1975), 13-43; Баришиќ, "О измирењу", 48-49; Божидар Ферјанчиќ, "Владарска идеологија у српској дипломатици после пропасти царства (1371)", во: *О кнезу Лазару*, ур. И. Божиќ и В. Ј. Ђуриќ. Научни скуп у Крушевцу 1971 (Београд: Научна књига, 1975), 144.

39 Кнезот Лазар бил прифатен како таков од страна на тогаш најреспектабилните српски благородници Вук Бранковиќ и Гурѓе Балша/иќ дури една декада подоцна (сп.: Баришиќ, "О измирењу",, 57-58, 62; *ИСН II*,17 (Богдановиќ, Д.)), без нужно прифаќање на Лазарево врховенство, сп.: Раде

своето генеалошко стебло покажал дека по женска линија има крвна поврзаност со лозата на Немањиќите, босанскиот владетел банот Тврtко I Котроманиќ, во 1377 година, во манастирот Милешева се прогласил за "крал на Србите, Босна и Приморието" (**вь Христа Бога краль Срьблкмьи Боснѣ и Приморию**). Тврtко исто како и Лазар, го зел титуларното име на Немањиќите - Стефан и го додал кон своето име (**Стєфань Тврьткw**) со што тој се прикажувал како легитимен наследник на српската династија[40]. Така, и покрај формалниот легитимитет на Марко, од 1375 година кнезот Лазар, а по 1377 година и кралот Тврtко, му го спротивставиле т.н. реален легитимитет содржен во територијата, идеологијата, духовните и културните традиции кај првиот, односно генеалошкото стебло на Немањиќите кај вториот владетел. Ваквата ситуација ќе се рефлектира во целата српската летописна традиција која преку црковната линија ќе се стави во функција на пропагирање на кнезот Лазар како единствен наследник на власта кај Србите (**пріими начєльство срьбско кнєзь Лазарь и бысть господинь Срьблкмь**)[41] при

Михаљчић, *Лазар Хребељановић – историја, култ, предање* (Београд: Нолит, 1984, repr. 1989), 93-94; Марко Шуица, "Однос кнеза Лазара и Вука Бранковића у светлу дубровачких исправа из 1387. године", *Стари српски архив* 9 (2010), 217-32; Ферјанчић, "Владарска идеологија" 149. Тоа е видливо во нивните повелби издадени во полза на Дубровник (повелба на Гурѓе Балша/иќ од јануари 1386г., сп. Стојан Новаковић, *Законски споменици српских владара средњега века* (Београд: СКА, 1912), 198-200; повелба на кнез Лазар, сп.: Новаковић, *Законски споменици*, 200-03; Александар Младеновић, *Повеље кнеза Лазара: Текст, коментари, снимци* (Београд: Цигоја, 2003), 191-201, и повелба на Вук Бранковиќ, сп.: Новаковић, *Законски споменици*, 203-05; Марко Шуица и Татјана Суботин-Голубовић, "Повеља Вука Бранковића Дубровнику", *Стари српски архив* 9 (2010), 100-02 (102-04), обете од јануари 1387 година настанати со временско растојание од само десетина денови), како и преку еден запис од 1387 година каде стои дека кнезот Лазар заедно со својот зет (син) ги држеле сите српски земји како и поморските, сп. *Стари српски записи и натписи, Књ. I: Сакупио их и средио Љ. Стојановић* (Београд: СКА, 1902. Фототипска издања, Књ. 4.,Београд: САНУ, 1982), No. 57, 50.

Иако тоа коинцидира со засилената османлиска опасност во предвечерието и времето набргу по паѓањето на Ниш, во летото или есента 1386 година (сп. Јованка Калић, "Ниш у средњем веку", *Историјски часопис* 31 (1984), 31; Stephen Reinert, "From Niš to Kosovo Polje, reflections on Murad I's final years", in: *Ottoman Emirate (1300-1389)*, Elizabeth Zachariadou (ed.). Halcyon Days in Crete I, A Symposium held in Rethymnon, 11-13 January 1991 (Heraklion: Crete Univ. Press, 1993), 177; Fine, *Late Medieval Balkans*, 408; Nicol, *Last centuries*, 288; Марко Шуица, "Приповести о српско-турским окршајима и 'страх од Турака' 1386. године", *Историјски часопис* 53 (2006), 108-16) и состојбата во пресрет на Косовската битка, можеби сепак се работи за нешто сосема друго. Имено, не би било изненадување доколку ваквиот став на овие видни благородници,всушност, е поврзан со Марковото стануване вазал во претходната 1385 година (Подетално во Boban Petrovski, "Ottoman Military Campaign in 1385: itinerary and goals", во: *Власт и моћ – властела Моравске Србије од 1365. до1402. године*, ур. С.Мишић. Тематски зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 20. до 22. септембра 2013. године у Крушевцу, Великом Шиљеговцу и Варварину (Крушевац: Народна библиотека Крушевац и Филозофски факулет у Београду, 2014), 287-303), со што кралот Марко од тој момент престанувал да биде самостоен владетел, па оттука на кнезот Лазар од овој период сосема му прилегал епитетот независен (преку формулацијата *самодржавен*) господар, кој епитет тој штедро го истакнувал.

40 Видливо од аренѓата на неговата повелба за потврда на привилегиите на Дубровчаните од 10 април 1378 година, сп. *Monumenta Serbica Spectantia Historiam Serbiae, Bosnae, Ragusii*, (ed.) Fr. Miklosich, (Viennae: A.G.Braumuller, 1858), 186-90. Види и: Сима Ћирковић, "Сугуби венац", *Зборник Филозофског факултета* 8-1 (1964), 343-44, 347-57 [= Сима Ћирковић, *Радници, војници, духовници: Друштва средњовековног Балкана* (Београд: Equilibrium, 1997), 277-78, 281-91]; Nada Klajić, *Srednjovjekovna Bosna: Politički položaj bosanski hvladara do Tvrtkove krunidbe (1377. g.)*, (Zagreb: Em Inex, 1989, repr. 1994), 259, 261-65. Во аренѓата Тврtко потенцира дека српската земја останала без свој пастир (**мєнє жє видєщѧ зємлю прѣродитєль моихь по нихь wставльшѧ и нє имѫщѧ своєгw пастира**), сп. *Monumenta Serbica*, 187.

41 Во летописните текстови понудени од Љ.Стојановиќ (*Родослови и летописи*), во старите српски летописи – Копоринскиот (завршува со смртта на Волкашин и Углеша, стр. 84), Пеќскиот, Студеничкиот и Цетињскиот, е запишано дека по владеењето на Урош (кој според нив бил убиен од Волкашин и Углеша) "**благочьствыи и христолюбивы бываєть кнєзь Лазарь**" (стр. 84-87), а во Студеничкиот и Цетињскиот по зборот христољубив уште е забележан и зборот "**самодрьжьць**" (стр. 85, 87). Истата формулација е понудена во Сеченичкиот летопис (стр. 199-200) кој се вбројува во младите српски летописи. Во речиси сите млади српски летописи, по смртта на Волкашин и Углеша стои дека кнез Лазар го примил српското начелство и станал господин на Србите. Единствено, исклучок се сретнува во два прилично помлади летописи кои, покрај Лазар, го споменуваат и Марко. Така, во Дечанскиот летопис кој според Љ.Стојановиќ (стр. LI)е пишуван во втората половина на XVIII век и е неповерлив и со мно-

што сосема ќе го запостави кралот Марко како наследник на тронот по загинувањето на Волкашин и Углеша.

Додека во српските земји и во Босна отворено се истакнувале претензиите за Немањиќките традиции и лоза, во Македонија тоа се сметало за безначајно. Така, кралот Марко ниту тогаш, а ни потоа, не претендирал на српската круна, трон и територија, па ниту столувал во Скопје. Експлицитно истакнувајќи го само својот легитимитет на кралската круна, се сметал себе си едноставно за крал, бездруго само на териториите со кои што управувал[42], за што сведочат неговата интитулација[43], претставите во црквите кои тој ги изградил, довршил и фрескоживописал (**Вь х҃а б҃а в(ѣ)рень кр҃л Марко**[44]; **благовѣрни краль Марко**[45]), текстот на неговите монети (**Вь Х(рист)а Б(ог)а бл(а)г(о)вѣрни краль Марко**)[46], како и неколкуте

гу интерполации со текст мотивиран од народната традиција, под годината 6880 (1371/72г.) стои дека началството во српското кралство го примил кнез Лазар, но во тоа време имало три српски кралеви: "**ѵ Призренъ Лазаръ, ѵ Босни СтефанъТвартко, ѵ Прілепъ Марко Влкашиновъ**" (стр. 209). Во овој контекст би се вброил и Троношкиот летопис (за кој сметаат дека е од 16 век) сочуван во ракопис од самиот крај на XVIII век, каде стои дека земјата останала 6 години без владетел, се додека кнезот (Лазар б.н.) не се устоличил и покрај противењето на Марко. Исто така, не може безрезервно да се прифатат ниту информациите за спомен на Марко содржени во помениците со завидна географска оддалеченост (нпр. Томислав Јовановић, *Поменик манастира Раче* (Бајина Башта: Фондација Рачанска баштина, 2005), 56), за волја на вистината, заедно со неговиот татко Волкашин (сп. Алексић, *Наследници Мрњавчевића*, 354) кои потекнуваат од подоцнежно време.

42 Грозданов, *Охридско ѕидно сликарство*, 20; Аџиевски, *Пелагонија*, 263; Михаљчић, "Титуле", 42; Бошкоски, *Скопје*, 260.

43 Марко користел скромна интитулација која била драматично различна од онаа на неговиот татко Волкашин кој ги потенцирал териториите во кои реално владеел, но и над кои што ја прокламирал својата власт, јасно истакнувајќи се како совладетел во државата поставен од бога. Илустративни се: повелбата од јануари 1366 година издадена во Скопје каде во текстот стои дека "(Христос)...**и постави ме г(о)с(по)д(и) на всемꙋ стежанию, рѣкꙋ же земли Срьбьскои и всем(ь) Грькѡм(ь) и Поморию и странамь Западним(ь) и всемꙋ Дисꙋ...бл(а)гѡвѣрномꙋ и Б(о)гомь поставлѣемꙋ кралю Влькашинꙋ крал(е)вствꙋющꙋ ми ѡ Б(о)зѣ**", а во потписот е сигнирано"**Крал(ь) Влькашинь бл(а)гѡвѣрны Срьблем(ь) и Грькомь**" (Сима Ћирковић, "Повеља краља Вукашина властелину Новаку Мрасоровићу", *Стари српски архив* 1 (2002), 100-01 (101-02); Новаковић, *Законски споменици*, 508-09); како и повелбата за Дубровчаните издадена во Брод во Порече во април 1370 година, каде во текстот стои "(Христос)... **и пѡстави ме г(оспо)д(и)на земли срьбьскои и Грькѡм(ь) и западнимь странамь... кралѥвствющоу ми ѡ Бозѣ...**", во потписот е сигнирано "**Вь Х(ри)ста Бѡга бл(а)говѣрни и х(ри)с(т)ѡлюбіви Влъкашинь краль**" (сп.: Ћирковић, "Повеља краља Вукашина Дубровнику", 162-63 (163-65); Новаковић, *Законски споменици*, 191-92), а на печатот во круг стои натпис "**Благовѣрна краал Влькашина прстен**" (Ћирковић, "Повеља краља Вукашина Дубровнику", 161 и факсимил од печатот понуден меѓу страните 162 и 163).

44 Надворешните влезни ѕидови на црквата Св. Архангели во Варош, Прилеп, сп.: Иванов, *Старини*, 70. Види и: Иван Ђурић, *Византијске фреске на тлу Југославије*, САНУ посебна издања (Београд: САНУ, 1974), 80; Аџиевски, *Пелагонија*, 245-46; Смиља Марковић-Душанић, *Владарске инсигније и државна симболика у Србији од XIII до XV века*, САНУ посебна издања - књ. 18 (Београд: САНУ, 1994), 64; Ѓорѓи Здравев, "Облеките на кралот Волкашин и на кралот Марко на фреско-живописот од XIV век", во: *Кралот Марко во историјата и традицијата*, ур. В. Десподова. Прилози од научниот собир одржан по повод 600 годишнината од смртта на Кралот Марко, Прилеп 1995, 23-25 јуни (Прилеп: Институт за старословенска култура, 1997), 322-24.

45 Јужниот влез во црквата Св. Димитрија во с. Сушица, Скопско, сп.: Иванов, *Старини*, 118. Види и: Нада Ношпал-Никуљска, "За ктиторската композиција и натписот во Марковиот манастир – село Сушица, Скопско", *Гласник на Институтот за национална историја* 15/2 (1971), 228, 231-35 и Илустрацијата меѓу страните 236-37; Цветан Грозданов, "Маричката битка, вазалитетот на Марко (Марко Крале) и живописот на Марковиот манастир", во: *Предавања на XXIVмеѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 20-21 VIII. 1991г.* (Скопје: УКИМ, 1992),120; Марковић-Душанић, *Владарске инсигније*, 64-65; Иван Ђорђевић, "Представа краља Марка на јужној фасади цркве Светог Димитрија у Марковом манастиру", во: *Кралот Марко во историјата и традицијата*, ур. В. Десподова. Прилози од научниот собир одржан по повод 600 годишнината од смртта на Кралот Марко, Прилеп 1995, 23-25 јуни (Прилеп: Институт за старословенска култура, 1997), 300-01; Здравев, "Облеките на Волкашин и Марко", 324-29; Бошкоски, *Скопје*, 263.

46 Balduin Saria, "Iz numizmaticke zbirke narodnog muzeja u Beogradu. IV: Kičevska ostava. Prilog staro-srpskoj numizmatici", *Старинар* 3 (1925), 74, 86; Димитријевић, "Нова серија", 91; Даница Размоска, "Средновековна остава откриена во Охрид", *Историја* 16/1 (1980), 217; Размоска-Бачевска, *Нумизматичките наоди*, 42; Гордана Спасовска-Димитровска, "Средновековни српски монети од Стара Чаршија – Скопје", *Macedoniae Acta Arheologica* 6 (1980), 136-38; Иванишевић, *Новчарство*, 157-58, 266-67.

записи и епиграфски споменици[47]. Изворните сведоштва настанати во времето на кралот Марко недвосмислено посочуваат дека тој во ниту една прилика не го користел титуларното име на Немањиќката династија, Стефан, со што експлицитно покажувал дека не се поистоветувал со Немањиќкиот владетелски идентитет. Исто така, во црквите на кои тој бил ктитор, никаде нема претстава на Светецот Сава ниту, пак, на родоначалникот на Немањиќката династија Свети Симеон[48], кое нешто е редовна практика во српските цркви од т.н. моравска група споменици[49]. Наспроти тоа, во внатрешноста на црквата Св. Димитрија во Марковиот манастир дури се регистрира фреска на Св. Климент[50], која несомнено упатува на зачувување на црковните традиции на Охридската архиепископија од страна на кралот Марко[51]. Дури и во завештанието на Марковиот помлад брат Андреаш има фреска на Св. Климент (сигниран на византиски-грчки), додека кај претставите на српските светци Св. Сава и Св. Симеон во византиската-грчка сигнација е појаснето дека се од Србија/српски[52]. Така, кралството на Марко и неговата круна (по 1385 година, односно изворно потврдено по 1388/89 година, таргетирана од неговиот брат Андреаш како втор по наследност во домот)во реалноста го претставувала вистинскиот домет на неговата власт на територииte во западните делови на Македонија.

47 За записите и епиграфските споменици на кои се споменува кралот Марко, сп. Бошкоски, *Скопје*, 25-30.

48 Поврзувањето на Марко со Немањиќите за дел од истражувачите се согледува преку претставата на Св. Стефан на јужниот влез на Марковиот манастир, сп. Zaga Gavrilović, "The Portrait of King Marko at Markov Manastir (1376-1381)", *Byzantinische Forschungen* XVI (1990), 427; Драган Војводиќ, "Претставе светог Климента Охридског у зидном сликарству средњовековне Србије", во: *Византијски свет на Балкану, – Охридска архиепископија у византијском свету*, ур. Б. Крсмановиќ, Љ. Максимовиќ и Р. Радиќ, Књига 1, бр. 42/1 (Београд: САНУ 2012), 544, 547. Ставовите на И. Ѓорѓевиќ (Ѓорѓевиќ, "Представа краља Марка", 302-05) неодамна ги коментираше Бошкоски, *Скопје*, 276 бел. 183.

49 Манастирот Раваница, завештание на кнезот Лазар Хребељановиќ, станал прототип на следните цркви од т.н. Моравска школа (Моравски тип), сп.: Мирјана Љубинковиќ, *Манастир Раваница* (Београд: Републички завод за заштиту споменика, 1989); Мирослав Беловиќ, *Раваница: Историја и сликарство* (Београд: Завет, 1999).

50 Грозданов, "Маричката битка", 120. За претставите на Св. Климент Охридски во српското фрескоживописување од втората половина на XIV век, сп. Војводиќ, "Претставе светог Климента", 154-55, 160-61 бел. 86, 164.

51 Сп. *ИСН II*, 148 (Бабиќ-Ѓорѓевиќ, Г. –Ѓуриќ, В.), каде авторите посочуваат дека "Марко ја прифатил прогрчката политика на Охридскиот архиепископ".

52 Претставата на Св. Климент е во олтарниот простор во групација од осум архиереи, претставата на Св. Сава од Србија/Српски е на јужниот ѕид во олтарот меѓу пет светители, а претставата на Св. Симеон од Србија/Српски е во северната певница во наосот меѓу дванаесет светители, сп.: Prolović, *Kirche*, 94, 95, 97, 105, 107, 173-74; Елизабета Димитрова et al., *Матика: Културно наследство*, (Скопје: Данте, 2011), 133, 147-49.
На друго место во нашите истражувања (сп. Бобан Петровски, "Круната на крал Марко", во: *Српска краљевства у средњем веку*, ур. С.Мишиќ. Зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 15. до 17. септембра 2017. године у Краљеву, у част обележавања 800 година од крунисања Стефана Немањиќа (Првовенчаног), (Краљево: Универзитет у Београду, у Новом Саду, у Нишу, 2017), 315-16, 322 и бел. 71) го отворивме прашањето дали присуството на светителите од Немањиќката династија би можело да се поврзе со натписот на Андреаш дека тој е кралевиќ ("млад крал" - престолонаследник) и посочувањето во ктиторскиот текст дека е втор син на кралот Волкашин – во насока на потенцирање на почитувањето на примогенитурата во фамилијата, односно дека по Марко, тој и потоа неговите синови потомци, треба легитимно да ја наследи/ат Волкашиновата круна добиена од српскиот цар Урош V.

SUMMARY

THE KINGDOM OF MARKO: ITS SCOPE AND CHARACTER

Boban PETROVSKI

Shortly after the Maritza battle (September 26, 1371) the then "young king" Marko inherited his father King Demetrius Volkašin and his uncle Despot John Ugleša and declared himself as a king. By this, he became a co-ruler of the Serbian tsar Uroš V which formally-legally lasted until the tsar's death on December 2/4 that year. But then, not even the nobles of Serbia and neither the Marko's neighbors nor his vassals, intended to recognize him as the supreme ruler of the state and their suzerain for any foreseeable period of time. On the contrary, attacks began on its territories which, as early as the first decade of its reign, decreased considerably.

However, Marko remained to be the only ruler to have a royal crown on his head and to rule as king of the state at least until 1375 i.e. 1377. But then, despite its formal-legal legitimacy, the crown of King Marko in reality ceased to be a crown to the Serbian state, here it began to represent the real scope of his power.

Furthermore, King Marko was nowhere called himself the king of the Serbian state, but according to the sources, he was simply a king, without any doubt, meaning the king of the territories with which he ruled.

Keywords: *King Marko, "young king", Prilep, Demetrius Volkašin, John Ugleša.*